460

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS

Бр.-Nr. 11/1-460/3

_______ 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од продолжението на втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 31.01.2020 година | **Време** | 14:00 – 15:45 часот |
| **Бр. на седница** | Четврта седница - продолжение | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | Поканети:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | Присутни:<br>1. Димитар Буковалов– претседател<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Зоран Алексов (АЕК), Љубен Талев (надворешен соработник-експерт), Милан Николовски (надворешен соработник-експерт), Благој Стојанов (надворешен соработник-експерт), Зоран Мурџев (надворешен соработник-експерт), Сашко Стојановски (надворешен соработник-експерт), Николче Мицковски (надворешен соработник-експерт), | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог записникот од четвртата седница одржана на 17.01.2020 |

година

2. Презентација и дискусија на Предлог обрасците за доставување податоци од јавни институции и на Упатството за достава на податоци за постоечка и планирана оптичка инфраструктура изградена со јавни средства

## БЕЛЕШКИ

Продолжението на четвртата седница ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**
Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од четвртата седница, одржана на 17.01.2020 година.

**За втората точка,**
Членот на НКБК, Зоран Дервишов, направи презентација со детална експликација на Предлог обрасците за попис и на Упатството за достава на податоци за постоечка и планирана оптичка инфраструктура изградена со јавни средства. Со самата презентација се отвори прашањето и потребата за дефинирање на стручните термини во доменот на градење оптички мрежи како што се: спојница, окно, траса и слично. Претсдателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја нагласи потребата за подготовка на поимник на технички поими/изрази, при што беше предложено да се направи список на термини, на кои Николче Мицковски како надворешен соработник-експерт на НКБК ќе даде соодветни еквиваленти.

Во однос на содржината на предложените табели, Зоран Алексов од АЕК нагласи дека тие треба да бидат направени со цел да се добијат оние податоци кои ќе бидат употребливи за идно планирање и проектирање на потребната мрежа. Буковалов на тоа се надоврза со забелешка дека табелите треба да бидат сеопфатни и да содржат што е можно повеќе податоци.

Надворешниот соработник, Милан Николовски, потенцира дека со овој пристап на барање податоци од јавните институции кој истовремено прецизно ќе ја дефинира и терминологијата, државата ќе воспостави принцип/правило со кое имателите на

оптичка инфраструктура ќе водат стандардна и унифицирана евиденција на инфраструктурата со која располагаат.

На продолжението на четвртата седница на НКБК, присутните дискутираа и за опцијата со ѕвездичка да бидат обележани податоците кои се задолжителни за пополнување на табелата, со која ќе се бараат дополнителни податоци од јавните институции.

**Заклучок :**
Кога ќе се подготви финалната верзија на табеларниот приказ за барани податоци од јавните институции ќе се организира состанок на НКБК со претставници на Меѓуресорската група за подготовка на Анализа за постојната состојба на оптичката инфраструктура во државата изградена со јавни средства и идните планови за развојот и користењето на истата.

Записникот го водеше **Владимир Соколов** ______________

Претседател на НКБК **Димитар Буковалов** ______________